FOSTER
INCLUSION OF FOREIGNERS IN THE WESTERN BALKANS ACCESS TO SOCIAL AND ECONOMIC RIGHTS

This project is funded by the European Union

Документ за јавни политики

ИНТЕГРАЦИЈА НА СТРАНЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Пристап до права, институционални предизвици и препораки за јавни политики

BALKAN REFUGEE AND MIGRATION COUNCIL

Скопје, мај 2026

DRC DANISH REFUGEE COUNCIL

Издавач

Македонско здружение на млади правници
Ул. „Донбас“ бр. 14/1-6
Скопје, С. Македонија
Телефон: +389 72 223 963; contact@myla.org.mk
www.myla.org.mk

За издавачот

Бојана Божиновска Силјановска

Автор

Мартина Дранговска Мартинова

Уредник

Ирена Здравкова

Истражувачки тим

Атанас Аврамов
Весна Трајановска
Дарко Аврамовски
Душица Нофитоска
Јасмин Реџепи
Јасмина Димишковска
Лејла Тутиќ
Марија Тодоровска
Мерсиха Смаиловиќ
Тона Карева
Уранија Пировска
Христина Здравевска

Лектура

Весна Костовска

Дизајн и графичка подготовка

Харис Муриќ

Место и година на издавање

Скопје, 2026

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија во рамките на проектот „Инклузија на странците во Западен Балкан: пристап до социјални и економски права (ФОСТЕР)“. Содржината е единствена одговорност на авторите и не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Содржина

Извршно резиме 1

Клучни наоди 2

Клучни показатели 3

Методологија и структура 3

Миграциски трендови во Северна Македонија 4

Институционален контекст и системски предизвици 5

- Податоци и институционални бариери 5
- Хоризонтални предизвици во заштитата на правата 5

Пристап до права 6

- Престој и слобода на движење 6
- Сместување и домување 7
- Образование 7
- Здравство 8
- Социјална заштита 9
- Работа 10

Заклучок 11

Препораки 11

- Приоритет I 11
- Итни мерки (во следните 12 месеци) 11
- Приоритет II 12
- Среднорочни мерки (1–3 години) 12
- Приоритет III 13
- Долгорочни мерки (континуирано) 13

Референци 14

Извршно резиме

Во последните години, Република Северна Македонија бележи значителни промени во миграциските трендови. Истовремено кога бројот на откриени обиди за нелегално преминување на државната граница континуирано се намалува, бројот на странски работници бележи рекорден раст – од 65 во 2020 година на 3 320 во 2025 година. Овие трендови укажуваат дека Северна Македонија постепено се трансформира од земја на транзит во земја што сè повеќе привлекува странска работна сила и долгорочен престој.

Овој документ ги анализира законската рамка и практичната примена на правата на странските државјани во областите на престојот, домувањето, образованието, здравствената и социјалната заштита и работата. Анализата се заснова врз преглед на релевантното законодавство и врз интервјуа со претставници на институции, локални самоуправи, синдикати, академската заедница, граѓански и меѓународни организации.

Наодите укажуваат дека Северна Македонија располага со релативно развиена законска рамка што овозможува пристап до основните права за различни категории странски државјани. Сепак, практичното остварување на овие права останува ограничено поради административната сложеност на постапките, недоволната координација меѓу институциите, недигитализираните услуги, ограничената достапност на информации на разбирлив јазик и недостигот на систематски податоци за странските државјани.

Во сите анализирани области се идентификувани практични бариери што го ограничуваат ефективното остварување на правата. Во областа на престојот, тоа се сложените административни постапки и долгите рокови за одлучување. Во образованието, главни предизвици се признавањето на странските квалификации и јазичната интеграција, додека, пак, во здравството, пристапот до услугите во голема мера зависи од навременото регулирање на престојот и здравственото осигурување. Во системот на социјална заштита, правниот статус останува клучен фактор за пристап до правата, а на пазарот на трудот, странските работници и натаму се соочуваат со административна зависност од работодавачот, ограничена информираност и јазични бариери.

Истражувањето покажува дека институциите не располагаат со централизирани и дезагрегирани податоци за странските државјани, што го ограничува следењето на нивната положба и креирањето политики засновани врз докази. Истовремено, граѓанските организации имаат значајна улога во обезбедувањето правна помош и поддршка, но нивниот придонес сè уште не е системски интегриран во јавните политики. Во услови на вакви миграциски трендови, потребен е премин од политики насочени првенствено кон регулирање на миграцијата кон политики што ќе обезбедат ефективна интеграција и еднаков пристап до правата.

За таа цел, документот предлага сет приоритетни препораки насочени кон зајакнување на институционалниот капацитет за интеграција на странските државјани. Препораките опфаќаат унапредување на стратешката рамка за интеграција, подобрување на институционалната координација и дигитализацијата на административните постапки, воспоставување интегриран систем за собирање и анализа на податоци, олеснување на пристапот до јавните услуги, зајакнување на заштитата на работничките права и развој на локални механизми за интеграција во партнерство со граѓанските организации.

Ефективната интеграција на странските државјани претставува предуслов за заштита на човековите права, одржлив економски развој, поефикасно функционирање на институциите и успешно усогласување на Република Северна Македонија со европските стандарди во областа на миграцијата, интеграцијата и заштитата на човековите права.

Клучни наоди

- **Северна Македонија сè повеќе станува земја на дестинација за странски државјани.** Бројот на странски работници се зголемил од **65 во 2020 година** на **3 320 во 2025 година**, што укажува на потребата од системски политики за интеграција.
- **Законската рамка во голема мера обезбедува пристап до основните права.** Сепак, практичното остварување на овие права останува нерамномерно и често е ограничено од административни и институционални пречки.
- **Административните постапки и институционалната координација претставуваат најголем системски предизвик.** Сложените процедури, недоволната дигитализација и ограничената размена на податоци го отежнуваат пристапот до права и јавни услуги.
- **Недостигот на интегрирани и дезагрегирани податоци го ограничува креирањето политики засновани врз докази.** Институциите немаат сеопфатен увид во положбата и потребите на странските државјани.
- **Јазичните бариери и ограничената информираност го намалуваат ефективниот пристап до правата.** Недостигот на повеќејазични информации и соодветна поддршка го отежнува користењето на јавните услуги и механизмите за правна заштита.
- **Странските работници остануваат особено ранлива категорија.** Иако законодавството гарантира еднаков третман, во практиката се забележуваат предизвици при остварувањето на работничките права, пристапот до информации и користењето на механизмите за заштита.
- **Граѓанските организации имаат клучна улога во обезбедувањето пристап до права.** Тие обезбедуваат правна помош, информирање и посредување со институциите, но нивниот придонес сè уште не е системски интегриран во јавните политики.
- **Растечките миграциски трендови бараат премин од управување со миграцијата кон политики за интеграција.** Потребен е покоординиран институционален пристап што ќе обезбеди еднаков пристап до правата и ќе ја поддржи долгорочната интеграција на странските државјани.

Клучни показатели

Следните показатели ги илустрираат клучните миграциски трендови и наоди што произлегуваат од анализата.

Странски работници (2020)	**65**	Почетна состојба
Странски работници (2025)	**3 320**	Над 50-кратен раст
Најголеми групи странски работници (2025)	**Турција, Непал, Индија, Бангладеш**	Главни земји на потекло
Откриени обиди за нелегално преминување (2022)	**27 391**	Највисока вредност
Откриени обиди (2025, јан.–сеп.)	**3 814**	Континуиран пад
Корисници на социјална заштита (2024)	**257**	Корисници во ЦСР Скопје
Лица што ја напуштиле државата/не се достапни (2025)	**166**	Можни секундарни миграции

Методологија и структура

Овој документ за јавни политики се базира врз квалитативна и документарна анализа на правната рамка, институционалните практики и достапните податоци што се поврзани со пристапот до социјалните и економските права на странските државјани во Република Северна Македонија.

Анализата е изработена врз основа на:

- анализа на релевантното национално законодавство и подзаконските акти;
- преглед на институционални извештаи, статистички податоци и други официјални документи;
- писмена комуникација со релевантни јавни институции;
- полуструктурирани интервјуа со претставници на институции, граѓански организации и други релевантни чинители;
- анализа на практични случаи и искуства поврзани со пристапот до права и јавни услуги.

Во рамките на истражувањето беа консултирани институции надлежни за внатрешните работи, трудот и социјалната политика, образованието, здравството и правосудството, како и граѓански организации што работат со странски државјани, барателите на азил и странски работници.

Анализата комбинира нормативна анализа на законската рамка со оцена на нејзината практична примена, со цел да се идентификува јазот помеѓу законските гаранции и нивното спроведување во практиката.

Документот е структуриран во три дела. Првиот дел ги претставува миграциските трендови и институционалниот контекст. Вториот дел ја анализира практичната примена на правата на странските државјани во областите на престојот, домувањето, образованието, здравствената и социјалната заштита, како и работата и работничките права. Третиот дел ги сумира заклучоците и содржи препораки за унапредување на јавните политики.

Миграциски трендови во Северна Македонија

Миграциските движења во Република Северна Македонија во последните години се карактеризираат со две паралелни тенденции. Од една страна, бројот на откриени обиди за нелегално преминување на државната граница континуирано се намалува, додека, пак, од друга страна, постојано расте бројот на странски државјани што престојуваат и работат во државата. Овие трендови укажуваат дека, покрај традиционалната улога на транзитна земја, Северна Македонија сè повеќе се профилира и како земја на дестинација за странски работници и други категории странски државјани.

Особено е изразен растот на економската миграција, поттикнат од недостигот на домашна работна сила во повеќе стопански сектори, особено во градежништвото, преработувачката индустрија и во угостителството. Во периодот од 2020 до 2025 година, бројот на странски работници се зголемил од 65 на 3 320, што претставува повеќе од педесеткратен раст. Дополнително, законската рамка предвидува исклучоци од системот на годишни квоти за одредени категории странски работници, што придонесува за пофлексибилно ангажирање работна сила при реализацијата на развојни и стратешки инфраструктурни проекти.

Истовремено, бројот на откриени обиди за нелегално преминување на државната граница бележи континуиран пад. Од 27 391 случаи во 2022 година, бројот се намалил на 13 954 во 2023 година и 6 807 во 2024 година, додека, пак, во периодот од јануари до септември 2025 година се евидентирани 3 814 случаи. Овие податоци укажуваат на промена на миграциските текови и постепено намалување на притисокот од нерегуларната транзитна миграција.

И покрај овие промени, институциите сè уште не располагаат со сеопфатни и интегрирани податоци за престојот, движењето и интеграцијата на странските државјани. Недостигот на систематски и дезагрегирани информации го ограничува следењето на нивната положба и го отежнува планирањето на јавните политики и услугите во областите на вработувањето, образованието, здравството и социјалната заштита.

Растот на бројот на странски државјани што живеат и работат во Северна Македонија укажува на потребата јавните политики да се насочат не само кон управување со миграцијата, туку и кон долгорочна интеграција и еднаков пристап до правата.

Институционален контекст и системски предизвици

Податоци и институционални бариери

Квалитетните, навремени и дезагрегирани податоци претставуваат предуслов за креирање политики засновани врз докази и за ефикасно планирање на јавните услуги. Иако надлежните институции располагаат со административни податоци во рамките на своите надлежности, тие остануваат фрагментирани и не се поврзани во интегриран национален систем.

Во најголем дел не постојат јавно достапни и дезагрегирани статистички податоци за пристапот на странските државјани до образованието, здравствената и социјалната заштита, пазарот на трудот и другите јавни услуги. Поради тоа, институциите немаат целосен увид во положбата и потребите на различните категории странски државјани, што ги ограничува креирањето, следењето и евалуацијата на јавните политики.

Истражувањето дополнително идентификува институционални и административни бариери што влијаат врз пристапот до правата. Интервјуираните соговорници најчесто ги посочуваат сложените административни постапки, повторното доставување иста документација пред различни институции, недоволната размена на податоци и ограничената меѓуинституционална координација.

Овие предизвици дополнително се засилуваат поради недоволната дигитализација на административните услуги, недостапноста на информации на разбирлив јазик и нееднаквите административни капацитети на институциите, особено надвор од поголемите урбани средини. Како резултат на тоа, административните постапки често се долготрајни, а пристапот до правата зависи од поддршката што странските државјани може да ја добијат од работодавачите, граѓанските организации или други посредници.

Недостигот на интегрирани податоци, координирани административни постапки и функционална размена на информации претставува една од главните системски пречки за ефективна интеграција и еднаков пристап до правата на странските државјани.

Хоризонтални предизвици во заштитата на правата

Иако законската рамка предвидува механизми за заштита на правата на странските државјани, наодите укажуваат дека нивното практично користење останува ограничено. Според соговорниците, малиот број претставки поднесени до надлежните институции не треба да се толкува како показател за отсуство на повреди на правата. Напротив, тој може да укажува на ограничена информираност за достапните механизми за заштита, јазични бариери, страв од можни последици врз нивниот престој или работниот статус, како и недоволна доверба во институциите.

Овие предизвици се појавуваат во речиси сите области опфатени со анализата, без оглед дали станува збор за регулирање на престојот, пристап до здравствена заштита, образование, социјална заштита, домување или вработување. Практичниот пристап до правата често зависи од тоа дали странските државјани располагаат со навремени информации, јазична поддршка и соодветна помош при комуникацијата со институциите.

Во овој контекст, значајна улога имаат граѓанските организации што обезбедуваат правна помош, информирање, посредување во комуникацијата со институциите и поддршка во остварувањето на правата. Сепак, нивниот придонес најчесто зависи од проектно финансирање и сè уште не е системски интегриран во институционалните механизми за заштита и интеграција на странските државјани.

Истражувањето покажува дека ефективното остварување на правата не зависи само од постоењето соодветна законска рамка, туку и од достапни информации, ефикасни институции, доверба во механизмите за заштита, навремена административна поддршка и одржлива соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор.

Пристап до права

Престој и слобода на движење

Законот за странци ја уредува постапката за регулирање на престојот на странските државјани, вклучително и издавањето единствена дозвола за престој и работа, како и условите за стекнување постојан престој. Регулираниот престој претставува предуслов за остварување повеќе други права, вклучувајќи ги правото на работа, образование, здравствена и социјална заштита.

Иако законската рамка е воспоставена, добиените информации укажуваат дека постапките за регулирање на престојот во практиката често се долготрајни и административно сложени. Постапката вклучува повеќе институции и повеќе последователни административни чекори, што може да доведе до значителни доцнења во издавањето на потребните дозволи.

Особен предизвик претставува координацијата меѓу надлежните институции, особено меѓу Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за вработување. Работодавачите посочуваат дека времетраењето на административните постапки често го надминува тримесечниот рок на важност на одлуката за вработување што ја издава Агенцијата за вработување. Како последица, постапката за вработување во одредени случаи мора повторно да се започне, што создава дополнителни административни трошоци, го продолжува процесот на вработување и внесува неизвесност и за работодавачите и за странските работници.

Истражувањето укажува и на практични предизвици поврзани со ограничените административни капацитети, физичкото доставување документација и отсуството на електронско следење на предметите. Овие околности особено ги погодуваат лицата чиј статус на престој сè уште не е регулиран, бидејќи може да го одложат или да го ограничат пристапот до други права и услуги.

Дополнително, соговорниците укажуваат дека странските државјани честопати не располагаат со доволно информации за постапките, потребната документација и механизмите за правна заштита. Недостигот на достапни информации на разбирлив јазик дополнително го усложнува навременото регулирање на престојот.

Иако правото на престој е јасно уредено со закон, неговото ефективно остварување во практиката зависи од поедноставување на административните постапки, подобра институционална координација и поголема достапност на информации за странските државјани.

Сместување и домување

Правната рамка предвидува различни форми на сместување и материјална поддршка за барателите на азил, лицата со меѓународна заштита и други ранливи категории странски државјани. Истовремено, законодавството ја препознава улогата на единиците на локалната самоуправа во процесот на интеграција и предвидува посебни мерки за заштита на ранливите категории.

Практиката покажува дека, и покрај воспоставената правна рамка, практичните предизвици најчесто се поврзани со обезбедувањето соодветно сместување и долгорочна интеграција. Кај странските работници, домувањето најчесто го обезбедуваат работодавачите, што овозможува побрзо решавање на станбеното прашање, но истовремено создава дополнителна зависност од работодавачот. Бидејќи условите за сместување не се предмет на редовен и систематски институционален надзор, постои ризик од несоодветни услови за домување и ограничени можности за заштита на правата.

Во областа на меѓународната заштита функционираат механизми за сместување и поддршка, вклучувајќи го Прифатниот центар за барателите на азил, транзитните центри и Националниот механизам за упатување жртви на трговија со луѓе. Соговорниците оценуваат дека овие механизми обезбедуваат основна поддршка, но укажуваат и на потребата од поголеми капацитети и подобра поврзаност со мерките за интеграција, особено по завршувањето на иницијалниот период на сместување.

На локално ниво, општините со поголема концентрација на странски државјани се соочуваат со зголемена побарувачка за домување и дополнителен притисок врз станбениот фонд. Истовремено, истражувањето не идентификува значително зголемување на говорот на омраза или физички инциденти кон странските државјани, што укажува на релативно високо ниво на социјална толеранција. Сепак, недостигаат формализирани локални механизми за интеграција и редовна комуникација меѓу институциите, локалните власти, работодавачите и странските државјани.

Правото на сместување не зависи само од обезбедувањето физичко домување, туку и од квалитетот на условите за живеење, институционалниот надзор и мерките што овозможуваат долгорочна интеграција на странските државјани во локалните заедници.

Образование

Правната рамка во Република Северна Македонија обезбедува пристап на странските државјани до основното, средното и високото образование под услови утврдени со закон и предвидува мерки за поддршка на интеграцијата на одредени категории странски државјани. Сепак, интервјуираните соговорници посочуваат дека практичното остварување на правото на образование и натаму е ограничено од административни, јазични и институционални бариери.

Во основното и средното образование најчесто идентификувани предизвици се обезбедувањето на потребната документација при упис, јазичните бариери и ограничените механизми за поддршка на образовната интеграција. Соговорниците посочуваат дека училиштата најчесто немаат воспоставени систематски програми за јазична поддршка, ниту, пак, наставниот кадар редовно посетува специјализирани обуки за работа со ученици од различни јазични и културни средини. Ова може да влијае врз нивното успешно вклучување во наставниот процес и социјалната интеграција.

Еден од најзначајните системски предизвици е признавањето на странските образовни квалификации. Постапките за нострификација често се долготрајни, административно сложени и сè уште зависат од физичко доставување документација. Дополнителни тешкотии се појавуваат кога документите се издадени на јазици за кои нема овластени судски преведувачи, што резултира со дополнителни трошоци, подолги рокови и неизвесност за лицата што сакаат да го продолжат образованието или да се вклучат на пазарот на трудот.

Во високото образование, пристапот до студирање зависи од признавањето на претходното образование и од регулирањето на престојот. Дел од соговорниците укажуваат на случаи на одбивање студентски визи без доволно образложение, што ги намалуваат транспарентноста и предвидливоста на постапките. Дополнително, ограничената понуда на студиски програми и курсеви на англиски јазик, како и недостигот на стипендии и други форми на финансиска поддршка, претставуваат дополнителни бариери за привлекување и задржување странски студенти.

Особено ранлива категорија се барателите на азил и лицата под меѓународна заштита, кај кои недостигот на механизми за признавање на претходно стекнатите знаења и компетенции може да доведе до несоодветно вклучување во образовниот систем и да ја отежне нивната долгорочна интеграција.

Признавањето на странските квалификации останува една од најзначајните административни бариери за интеграцијата на странските државјани, бидејќи директно влијае врз пристапот до образованието, вработувањето и професионалниот развој.

Иако законодавството обезбедува пристап до образование, ефективната интеграција на странските ученици и студенти бара поедноставување на постапките за признавање на квалификациите, посилна јазична и институционална поддршка и систематско следење на нивната вклученост во образовниот систем.

Здравство

Правната рамка обезбедува пристап до здравствена заштита за странските државјани во зависност од нивниот правен статус. Странците што се во работен однос имаат пристап до задолжително здравствено осигурување, додека, пак, за барателите на азил и лицата под меѓународна заштита се предвидени посебни механизми за обезбедување здравствени услуги.

Анализата покажува дека практичниот пристап до здравствена заштита, сепак, во голема мера зависи од навременото регулирање на престојот, активирањето на здравственото осигурување и ефикасноста на административните постапки. Во практиката, доцнењата

при регулирањето на престојот или неправилностите во пријавувањето и плаќањето на придонесите може привремено да ги остават странските работници без активно здравствено осигурување, поради што тие се принудени самостојно да ги покриваат трошоците за здравствените услуги.

За барателите на азил и лицата под меѓународна заштита, пристапот до здравствена заштита се обезбедува преку посебни механизми, наместо преку редовниот систем на задолжително здравствено осигурување. Иако овој модел овозможува пристап до основни здравствени услуги, соговорниците укажуваат дека во практиката може да постојат разлики во достапноста и континуитетот на здравствената заштита во споредба со редовниот систем.

Истражувањето, исто така, укажува на потребата од посистемска јазична поддршка и културна медијација во здравствените установи, особено при комуникацијата со лица што не го познаваат македонскиот јазик. Недостигот на јасно утврдени процедури за координација меѓу различните здравствени и социјални служби може дополнително да го отежне обезбедувањето континуирана здравствена грижа, особено за ранливите категории странски државјани.

Пристапот до здравствена заштита е тесно поврзан со регулираниот престој и активното здравствено осигурување, поради што административните доцнења може директно да влијаат врз навременото користење на здравствените услуги.

Иако законодавството обезбедува пристап до здравствена заштита за различни категории странски државјани, ефективното користење на овие права бара навремено регулирање на престојот и здравственото осигурување, како и подобра јазична и институционална поддршка во здравствениот систем.

Социјална заштита

Правната рамка обезбедува пристап до правата од системот на социјална заштита во зависност од правниот статус на странските државјани. Лицата со постојан престој, признаен статус на бегалец и лицата под супсидијарна заштита имаат пристап до правата под услови еднакви со државјаните, додека, пак, странците со привремен престој располагаат со поограничен обем на права. Законодавството предвидува и посебни услуги за ранливите категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе, жртви на родово базирано насилство и барателите на азил.

Сепак, практичниот пристап до социјална заштита најчесто зависи од регулираниот правен статус, сложеноста на административните постапки и достапноста на информации за правата и услугите. Ограничената информираност и недоволната поддршка при комуникацијата со институциите придонесуваат дел од странските државјани да се потпираат на граѓанските и меѓународните организации за посредување и пристап до услугите.

Според податоците на Центарот за социјална работа – Скопје, во текот на 2024 година, 257 странски државјани користеле услуги од системот на социјална заштита. Податоците покажуваат дека корисниците не се ограничени само на лицата под меѓународна заштита, туку опфаќаат различни категории странски државјани, вклучително и семејства со деца, малолетници, бремени жени и лица изложени на ризик од експлоатација. Ова укажува дека потребата од социјална поддршка ги засега различните категории странски државјани што престојуваат во државата.

Истражувањето, исто така, покажува дека не постои централизирано национално следење на користењето на услугите од системот на социјална заштита од страна на странските државјани. Податоците најчесто се собираат на ниво на поединечни институции и не овозможуваат сеопфатна анализа на потребите, пристапот до услугите и ефектите од преземените мерки.

Пристапот до социјална заштита во голема мера зависи од правниот статус на странските државјани, додека, пак, недостигот на интегрирани податоци и административната сложеност го ограничуваат навременото користење на правата и услугите.

Иако законодавството обезбедува пристап до социјална заштита за различни категории странски државјани, ефективното остварување на овие права бара поедноставени административни постапки, подобра информираност на корисниците и воспоставување национален систем за следење на користењето на услугите.

Работа

Странски работници: 65 → 3 320 (2020–2025)

Бројот на странски работници во Северна Македонија се зголемил повеќе од 50 пати во периодот од 2020 до 2025 година, што укажува на значително зголемена улога на странската работна сила на домашниот пазар на трудот.

Правната рамка овозможува пристап на странските државјани до пазарот на трудот преку единствена дозвола за престој и работа, како и преку посебни режими за одредени категории странци. Законодавството предвидува еднакви права во однос на платата, работното време, безбедноста и здравјето при работа и социјалното осигурување, додека, пак, пристапот до одредени професии и натаму зависи од признавањето на професионалните квалификации и исполнувањето на законските услови.

Наодите укажуваат дека странските државјани најчесто се вработуваат во сектори со хроничен недостиг на домашна работна сила, особено во градежништвото, угостителството и производствените дејности. Во овие сектори, странската работна сила станува сè поважен фактор за одржување на економската активност.

И покрај законските гаранции, странските работници остануваат изложени на зголемена ранливост. Соговорниците укажуваат дека административно сложените постапки за добивање дозволи за престој и работа може да го одложат започнувањето на работниот однос и да создадат неизвесност и за работниците и за работодавачите.

Дополнителен предизвик претставува ефективното остварување на работничките права. Зависноста од работодавачот при регулирањето на престојот и работниот статус, ограничената информираност за правата и јазичните бариери ја зголемуваат ранливоста на странските работници. Синдикалните организации укажуваат дека договорите за вработување и колективните договори често не се достапни на јазик што го разбираат работниците, а тоа го ограничува нивниот капацитет да ги разберат и да ги заштитат своите права.

Истражувањето укажува и на случаи на прекумерно работно време, недоволна обука за безбедност и здравје при работа, ограничен пристап до информации за користење

заштитна опрема, како и разлики во условите за работа и примањата во споредба со домашните работници. Воедно, членството на странските работници во синдикатите останува ниско, главно поради јазичните бариери, краткорочниот престој и недоволната информираност за механизмите за синдикална заштита.

Зависноста на странските работници од работодавачот при регулирањето на престојот и работниот статус ја зголемува нивната ранливост и може да го ограничи пријавувањето повреди на работничките права и трудова експлоатација.

Брзиот раст на странската работна сила бара, покрај ефикасен систем за издавање дозволи, и посилни механизми за заштита на работничките права, достапни информации и ефективен инспекциски надзор за да се обезбедат еднакви услови за работа за сите работници.

Заклучок

Анализата покажува дека Република Северна Македонија располага со релативно развиена законска рамка за заштита на правата на странските државјани. Сепак, практичното остварување на овие права останува ограничено поради административни, институционални и јазични бариери, како и поради недостигот на интегрирани податоци и системски политики за интеграција.

Истовремено, растот на бројот на странски работници и промените во миграциските текови укажуваат дека државата постепено се трансформира од транзитна во земја на дестинација. Ова бара јавните политики да се насочат не само кон управување со миграцијата, туку и кон обезбедување услови за долгорочна интеграција и еднаков пристап до правата.

Успешната интеграција на странските државјани не претставува само прашање на заштита на човековите права, туку и предуслов за одржлив економски развој, социјална кохезија и исполнување на европските стандарди во областа на миграцијата и интеграцијата.

Препораки

Приоритет I

Итни мерки (во следните 12 месеци)

1. Ажурирање и ефективно спроведување на националната политика за интеграција

Да се ревидира и да се ажурира Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Северна Македонија (2017–2027), имајќи ги предвид новите миграциски трендови, особено значителниот пораст на странските работници и зголеменото присуство на други категории странци. Истовремено, да се обезбеди нејзино ефективно спроведување преку ажуриран акциски план, јасно распределени институционални надлежности, мерливи индикатори и механизам за редовно следење и евалуација.

2. Поедноставување и дигитализација на административните постапки

Да се поедностават и да се дигитализираат постапките поврзани со регулирањето на престојот, работните дозволи, здравственото осигурување и признавањето на странските квалификации преку воспоставување електронски услуги и можност за следење на постапките во реално време.

3. Зајакнување на институционалната координација

Да се воспостават формализирани механизми за редовна координација и размена на информации меѓу Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за вработување, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади и другите надлежни институции.

Приоритет II

Среднорочни мерки (1–3 години)

4. Воспоставување интегриран систем за податоци

Да се воспостави национален систем за собирање, размена и анализа на дезагрегирани податоци за странците со редовно јавно објавување статистички податоци што ќе овозможат креирање политики засновани врз докази.

5. Обезбедување еднаков пристап до јавните услуги

Да се намалат административните и јазичните бариери преку:

- обезбедување повеќејазични информации;
- развој на електронски услуги;
- достапност на преведувачи и толкувачи кога е потребно тоа;
- подобрување на пристапот до образование, здравствена заштита, социјална заштита и бесплатна правна помош.

6. Подобрување на признавањето на странските квалификации

Да се поедностават и да се забрзаат постапките за признавање на странските образовни и професионални квалификации преку намалување на административните барања, дигитализација на постапките и обезбедување соодветни преведувачки услуги.

7. Зајакнување на улогата на граѓанските организации

Да се воспостават формализирани механизми за соработка меѓу институциите, единиците на локалната самоуправа и граѓанските организации што обезбедуваат услуги за странците. Истовремено, да се воспостави **одржлив механизам за институционална поддршка и финансирање** на бесплатната правна помош, психосоцијалната поддршка, информирањето и другите услуги што ги обезбедуваат граѓанските организации, со цел да се обезбеди нивен континуитет независно од проектното финансирање.

Приоритет III

Долгорочни мерки (континуирано)

8. Зајакнување на заштитата на работничките права

Да се зајакне инспекцискиот надзор врз условите за работа на странските работници и да се обезбеди:

- достапност на договорите и информациите за работничките права на јазик што го разбираат работниците;
- полесен пристап до механизмите за пријавување повреди на работничките права;
- поголема информираност за синдикалната заштита;
- унапредување на законската и административната рамка, со цел да се овозможи пофлексибилна промена на работодавачот без автоматско губење на правото на престој со соодветни заштитни механизми за спречување трудова експлоатација и прекумерна зависност од работодавачот.

9. Развој на локални политики за интеграција

Да се развијат локални програми за интеграција во општините со поголем број странци, кои ќе опфатат:

- јазична поддршка;
- граѓанска ориентација;
- пристап до информации и јавни услуги;
- активности за поттикнување на социјалната инклузија.

Спроведувањето на овие препораки ќе придонесе за поефикасен, покоординиран и поинклузивен систем за остварување на правата и интеграција на странците, ќе ја зајакне институционалната отпорност и ќе обезбеди поодржлива соработка со граѓанскиот сектор, придонесувајќи за понатамошно усогласување на Република Северна Македонија со европските стандарди во областа на миграцијата, интеграцијата и човековите права.

Референци

- Council of Europe. European Social Charter (Revised).
- European Commission. North Macedonia Report 2024.
- European Commission. North Macedonia Report 2025.
- European Commission against Racism and Intolerance (ECRI). ECRI Report on North Macedonia 2023.
- European Union Agency for Fundamental Rights (FRA). Fundamental Rights Report 2025.
- International Organization for Migration (IOM). World Migration Report 2024.
- Влада на Република Северна Македонија. *Стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017–2027.*
- Влада на Република Северна Македонија. *Резолуција за миграциска политика на Република Северна Македонија 2021–2025.*
- Државен завод за статистика. Статистички публикации и бази на податоци.
- Народен правобранител. *Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права* 2025 и 2024.
- Македонско здружение на млади правници. *Анализа на правна рамка за социјални и економски права на ранливи категории на странци во Северна Македонија*
- Административни податоци и писмени одговори доставени од Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител, Државниот завод за статистика и други надлежни институции, обезбедени за потребите на истражувањето.
- Полуструктурирани интервјуа со претставници на државни институции, независни тела, меѓународни организации, граѓански организации и други релевантни чинители, спроведени во рамките на истражувањето.
- Македонско здружение на млади правници. *Остварување на правата на странците во Република Северна Македонија - Институционални практики, податоци и предизвици. 2026*